Платена поштарина
МК-1000 Скопје

JUB

# Магазин

## *Спектар на новости*



- **JUB во светот** 140 години словенска традиција
- **Санација по настанати поплави**
  Производи за проблематични површини
- JUB-ови фасадери во **Македонија**
- Термофасада **Заштеда на половина енергија**

Since
Од година 1875

www.jub.eu

Година VIII
Број 14
Март 2015
JUB д.о.о.е.л Скопје

# Вовед

Пред нас е уште една градежна сезона и предизвикот да сме подобри од останатите, а особено оваа година која е наш јубилеј - 140 години постоење на нашата компанија, како и повеќе од 45 години успешно изработен систем за термоизолација на фасада, која со текот на времето го добива своето генеричко име Jubizol Fasada и поради своите компоненти се вбројува во фасада која има Енергетска Ефикасност, што значи дека има заштеда од 30 до 50% на потребната енергија за ладење и греење во објектите.

Дали знаете дека оваа година и покрај тоа што го содржи бројот 5, што потсетува на успешна година, има најмногу до сега по број вкупно 3 „црни“ петоци (петок тринаесети), но ова ни дава уште поголем мотив за подобри идеи и повеќе решенија за санација на последиците од баксузните поплави кои ни се случија со почетокот на оваа година во југоисточниот дел од Македонија.

За овој број на JUB Магазин, наши соговорници се г. Драгомир Лешоски – фасадер од Вевчани и компанијата ВБ Проект Дизајн од Скопје, која веќе 12 години успешно делува на нашиот пазар како за продажба така и за изведба на нашите материјали. Додека ги градиме или обновуваме нашите објекти, понекогаш може да се случи и да згрешиме од невнимание или незнаење, за тоа ви подотвивме два дела за тоа кои се најчетите 5 грешки при уредување на домот и кои бои треба да се одберат при боење на домот.

JUB – овите фасади се секако референтни, затоа ви претставуваме дел од нив кои се изработени во предходниот период на територијата на Македонија, а за нешто пред крај повторно ви ја представуваме нашата бесплатна услуга JUB Design Studio, која успешно се користи од ваша страна. А сосема за крај е репортажа од нашето JUB – ово дружење со дел од нашите соработници, а за тоа како си поминавме, можете да ги прашате токму нив.

Останете во добро здравје, убаво расположение и успешна година, до нашата наредна средба на новиот број на JUB Магазин, кој следува како и секоја година во почетокот на месец Октомври 2015 година.

За сите оние кои имаат свои идеи и предлози, како и свои референтни објекти кои се изработени со материјалите на JUB, не срамете се и слободно контактирајте не, да се најдете и Вие како и останатите во нашите вакви изданија, каде ќе бидете видени и прочитани.




Издава: JUB дооел - Скопје
Автори: Катерина Бошкова, Кузман Стефановски, Ал-Барагони Соубхи, Дејан Костов, Горан Анѓелковски, Кирил Бошков.
Уредник: Катерина Бошкова
Редакциски одбор: JUB дооел - Скопје
Припрема и печати: Макстен графика - Скопје
Тираж: 3.000 примероци

Адреса: бул. Јане Сандански бр.79а-3
Телефон: 02/ 2454-027
E-mail: jubmagazin@jub.com.mk



# *Санација по настанати поплави*
# Производи за проблематични површини

**Влагата во ѕидовите кои биле изложени на високи води и менувањето на содржината на водата, влијаат на распаѓањето на градежните материјали на различни начини.**

Се појавува хемиска деградација поради агресивните состојки во атмосферата, водата и почвата, а и биолошка деградација поради алги, габи, мов и лишаи. Поради ова, доаѓа до кристализација на соли во порите на материјалот, кои произведуваат притисок еднаков на притисокот на замрзната вода, при што доаѓа до големи димензиски промени, како и до промени на изолациските својства, а доколку е зима - и до замрзнување.



**Начин на санација на ваквите површини**

Начинот на санација зависи од видот и интензитетот на настанатата штета. Посебен проблем претставуваат површините кои биле подолго време во допир со вода контаминирана со нафта, фекалии, или други отровни и штетни материи. Различен е пристапот за решавање на ваквиот проблем, зависно од тоа дали станува збор за внатрешна или надворешна површина и дали сакаме при санацијата да извршиме трајно обновување, или само да ја вратиме првобитната состојба.

Доколку е можно, валканите и натопени фасадни и внатрешни површини треба да се измијат со топла вода и со универзални средства за чистење, а за тврдокорните дамки може да се примени и триење на површината со мека четка. Потоа, исчистените површини се премиваат со чиста вода. Дезинфекција на површините, кои биле во контакт со фекална вода, се врши во склад со упатствата дадени од надлежните санитарни служби. По завршувањето на процесот на сушење, солите кои евентуално се излачени на површината, се отстрануваат со четка.



## Сушење на фасадни и внатрешни површини

Фасадните површини треба да се сушат најмалку 1 месец од поплавувањето, додека внатрешните површини најбрзо и најуспешно се сушат со инсталирање на апарати за сушење, или со зголемување на интензитетот на греење и проветрување на просторот. Сите понатамошни интервенции за санирање имаат смисла, само доколку влажноста на ѕидните површини падне под пет проценти.

## Санација на фасадни површини

Фасадниот топлински изолационен систем од минерална волна, при поплавувањето најверојатно примил прекумерно количество на вода, па во зимски услови нема речиси воопшто да се исуши. Ако таквиот фасаден систем замрзне, тоа сигурно ќе доведе до непоправливо оштетување, па затоа делот од фасадата кој е накиснат треба да се отстрани и да се замени со нов фасаден систем, кој прима помалку влага. Ако подѕидокот на фасадата (цоклето) е направен од екструдиран полистирен (XPS), не е потребно негово отстранување, но секако мораат да се заменат накиснатите плочи од минерална волна што се наоѓаат над цоклето. За таа цел се препорачува употреба на потврд тип на плочи за делот на цоклето: Eurotherm Strong premium или JUBIZOL Strong premium. Спојот помеѓу постоечкиот и на ново изградениот дел од фасадата, се прави со обликување на фуга, која се исполнува со трајно еластичен кит (Juboflex MS) во соодветна нијанса. За да се обезбеди трајна заштита од потенцијалните нови поплави, под декоративниот малтер се вградува хидроизолациски слој од Hidrozol или Hidrozol Superflex. На овој начин, долниот дел од фасадата го заштитуваме од мокрење, а воедно правиме спој на тој слој со вертикалната изолација на објектот под долниот раб на фасадната топлотно изолациска облога.

На ѕидните површини, кои не биле претерано контаминирани со нафта и други опасни материи, а фасадниот систем бил изработен со водоодбивни материјали, обично само се враќа состојбата која што била пред поплавата. Санацијата се прави така што фасадната површина се премачкува со разреден Jukol (Jukol : вода = 1 : 1), или со разреден Jubosil G (Jubosil G : вода = 1:1), па се пребојува со микроармирана фасадна боја Revitalcolor AG, во два наноса.

## А во затворени простории?

Кај внатрешните ѕидни површини кои биле изложени на поплава, најпрво се отстрануваат сите слабо врзани наноси од боја, или различни видови на маса за израмнување. Ако е потребно, исчистените површини се брусат. Оштетените места се поправаат со соодветна маса за израмнување. Изборот на масата за израмнување зависи од обемот и длабочината на оштетувањето, па така, длабочина до 1 cm се исполнува со дебелослојна маса за израмнување Nivelin D во два наноса, додека кај поголеми и плитки оштетувања со длабочина до 3 mm, се санираат со Nivelin D или Renovirni omet, а пак кога ѕидната површина е доволно цврста, се израмнува со Jubolin F во два наноса. За трајна заштита на површините од нови поплави, се нанесува хидроизолациона маса Hidrozol или Hidrozol Superflex во два наноса до висина од 0,5 m над највисокото ниво на водата која евентуално повторно би надошла. Ѕидните површини над хидроизолацијата се израмнуваат со Renovirni omet, во слој со дебелина еднаква на дебелината на вградениот Hidrozol, па се израмнува со дисперзивни маси за израмнување Jubolin, Jubolin P-25, Jubolin P-50 во два наноса, или со цементен Fini omet 1.0 или со Nivelin D, во слој со дебелина еднаква на вградениот Hidrozol. Постапката се завршува со декоративно боење, така што површините се пребојуваат со периви латекс бои: JUPOL Latex mat, JUPOL Latex polmat, JUPOL Latex saten или JUPOL Strong.

## Како може да помогне санирниот систем Jubosan W?

Во објектите каде што сушењето на ѕидовите е по природен пат, без употреба на апарати за сушење и каде што постои поголем ризик од кристализација на соли на ѕидовите, се

употребува ефикасен систем за решавање на проблемите на капиларна вода Jubosan W. Сушење на ѕидовите сепак се препорачува, бидејќи со тоа се избегнува испарување на поголема количина на водена пареа од ѕидовите - во внатрешноста на објектот.
На површините на кои ќе биде вградена хидоизолациската маса, оштетувањата со длабочина до 5 cm, се поправаат со основен санациски малтер Jubosan W120 (во еден нанос за оштетувања со дебелина од најмногу 3 cm, а за поголеми длабочини во два наноса). На површините каде што ќе се вгради Jubosan санирниот систем, таквите оштетувања се санираат локално – на оштетените места се нанесува малтер во подебел слој.



Врз грубо закрпените површини, над вградената хидроизолација се нанесуваат малтери од Jubosan санирниот систем: санирен шприц – Jubosan W110 + основен санациски малтер – Jubosan W120 + санирен малтер – Jubosan W130. Површината на крајот се измазнува со тенкослојниот малтер Fini omet 1.0, па површината се пребојува со добро пареопропусна боја: JUPOL Classic, JUPOL Silikat или Bio apnena notranja barva.

## Блокада на дамки растворливи во вода, се прави со бојата JUPOL Block

Кај површините на кои не сакаме да правиме поголеми зафати, туку повеќе би сакале само да ги вратиме во првобитната состојба, најпрво правиме блокирање на водорастворливите дамки. За таа цел се препорачува еднослоен или двослоен (во исклучителни случаеви и трислоен) нанос на белата внатрешна ѕидна боја JUPOL Block. Таа уште со првиот нанос во голема мерка ефикасно ќе ги врзе повеќето водорастворливи соединенија и ќе го попречи, или значително ќе го намали нивното продирање во горните слоеви на бојата, а ќе ги неутрализира и помалку интензивните масни дамки. JUPOL Block се користи и како завршен премаз на санираните ѕидни површини, доколку се тие бели или во постелни нијанси, а пак за боење во поинтензивни нијанси ја препорачуваме бојата JUPOL Gold.

## Посоветувајте се со нашата техничка служба

Опишаната санациска интервенција бара индивидуален третман на секој поединечен случај, бидејќи начинот на реконструкција зависи од средствата, времето и обемот на штетата на објектот. За евентуални подетални и дополнителни објаснувања можете да се обратите на нашата техничка служба на:
T: 00389 2 2454 027 или
E: jub@jub.com.mk
а ние со задоволство ќе Ви помогнеме.



# JUB 140 години словенска традиција

**Компанијата JUB оваа година празнува 140 години од своето постоење, а со тоа ја празнува и 140 годишната словенска традиција**

JUB оваа година ја прославува 140 годишнината од своето постоење. Малку словенечки компании можат да се пофалат со ваквиот податок како и со својата успешна долгогодишна приказна. Јубилејот ќе биде одбележан во средината во која ние работиме, и се разбира во кругот на оние кои веќе многу години се наши лојални клиенти. Довербата и лојалноста се взаемни, па затоа ние со својата општествена одговорност, која внимателно ја негуваме и следиме, во рамки на своето делување, ќе им вратиме на луѓето во иста мерка.

## Од Дол при Љубљани се ширевме низ светот

JUB е најстар производител на ѕидни бои во Словенија. Почетокот на производставото на минерални бои на денешната локација во Словенија е во далечната 1875 година. Во 1919 година името JUB за прв пат се појавува како име на компанијата и тоа останува сé до денес. Помеѓу двете Светски војни, JUB како уважена фабрика своето производство на бои го пласираше по целото тогашно кралство Југославија. За време на втората Светска војна, производството беше привремено запрено, за во наредните десетина години истото да се обнови со полн капацитет и да го достигне производството кое го имаше пред почетокот на војната. Во 1969 година, за прв пат на пазарот JUB ја пласираше дисперзивната боја JUPOL, која со својата цена и квалитет ги следи најдобрите европски производители на боја. Со оваа трговска марка, исто така се поврзува и стрмното и успешно искачување на компанијата, така што пред неколку децении истата стана генеричко име за внатрешни ѕидни бои. Минатата година JUB го одбележа јубилејот од 45 години од постоењето на трговката марка JUPOL, која ја има довербата на купувачите. Денес компанијата JUB, 70% од производите од фамилијата JUPOL ги пласира во повеќе од 30 европски држави.





Со распадот на Југославија и со осамостојувањето на Словенија, JUB го доживеа еден од најтешките периоди од своето постоење. JUB изгуби половина од пазарот, па мораше преку ноќ да се насочи кон развој и производство за конкурентните европски пазари. Се фокусираше на средноевропските пазари, а со текот на времето постепено се врати и на традиционалните пазари на просторите на некогашна Југославија. Така, во 1996 година, повторно ја достигна продажната количина како и пред распадот на Југославија. Во 1994 година, според законот за приватизација, JUB стана прво акционерско друштво во Словенија. Следниот поголем чекор кој го направи компанијата JUB, беше во 2004 година, кога за прв пат во историјата го достигна најголемиот успех во производство и продажба на 100.000 тони производи, а истата година го отвори и својот прв производствен погон во странство, во Шимановци кај Београд во Србија. Дури и по финансиската криза, која започна во 2008 година, JUB брзо се врати на своите пазари. Следна важна пресвртница во историјата на JUB е во 2010 година, кога во Дол при Љубљани се отвори новиот Техничко Развоен Центар, и во 2012 година кога започна со производство на изолациски плочи од стиропор како и системските плочи JUBIZOL. Стиропорот се продава под сопственото трговското име EUROTHERM.
Инвестициските активности продолжуваат и во 2014 година, кога го купи производниот комплекс на „Новолит" и го прошири знаењето и во областа на индустриската употреба на стиропорот. Во 2015 година на пазарот ќе се претстави со нова трговска марка - JUBHome, која представува систем за заштеда на енергијата при вградување на објекти. Веќе во следната 2016 година, ќе се фокусира на продажба на пасивни, енергетски и плус - енергетски семејни куќи. Со квалитетното архитектонско решение на куќата од армиран бетон, може да се добие прифатлива цена, голема удобност, ниски трошоци за живот и оптимална комбинација на заштеда на енергија, која ќе биде издржлива на земјотрес, поплава и пожар, а овозможува и совршен баланс помеѓу цената и квалитетот.

## JUB денес

Компанијата JUB е модерна и меѓународно призната компанија со производство на моќни трговски марки, од кои 75% се продаваат во странство. Со развојот на новите, еколошки производи и услуги, се стреми кон енергетски штедлива и одржлива градба. Денес компанијата има повеќе од 500 вработени во 13 зависни претпријатија во 10 држави, кои се 100% сопственост на матичната компанија. Делува на повеќе од 25 пазари, а во две држави има направено и три производни линии. Гордост се високата технологија и продуктивноста на компанијата. Грижата за екологијата и животната средина во индустриската зона, овозможува долгорочен развој со современи средства за производство, со високо квалификуван кадар и серификати за квалитет ISO 9001, ISO 1400 и OHSAS 18001.

## Горди со бројните награди и признанија

Колекцијата од награди и признанија, кои ги има добиено компанијата JUB со текот на годините постојано се зголемува. Како добитници на наградата Зелена мисија и Еколошка компанија, се покажува високата еколошка свест на компанијата во намалување на загадувањето на воздухот, водата и почвата. Веќе седум години по ред е добитник на признанието Trusted Brand, кое за легендарниот производ JUPOL е добиено од купувачите, кои велат дека бојата JUPOL е боја во која имаат најголема доверба од сите бои за внатрешни ѕидови. Во 2013 година за внатрешните бои е добиено признанието Best Buy Award, а бојата JUPOL Classic минатата година го доби и печатот Производ за 2014 година.
За поголемиот број на производи, JUB е меѓу првите словенски производители кои имаат добиено сертификати за усогласеност со европските стандарди за квалитет како и со националните технички прописи. За бројните производи од фамилијата JUPOL, како што се JUPOL Gold, JUPOL Brilliant, JUPOL Latex и JUPOL Silikat, се исполнети и строгите германски барања »VdL«, и се првите производи надвор од рамките на Германија кои го поседуваат сертификатот за усогласеност TÜV SÜD. Сертификатот »Schadstoffgeprüft«, кој ја докажува минималната содржина на лесно испарливи материи, е добиен за боите JUPOL Gold, JUPOL Brilliant, JUPOL Special, JUPOL Silikat и целата група на бои JUPOL Lateks. За внатрешната боја JUPOL Junior, JUB е прво претпријатие во Словенија во нашата бранша кое го има добиено европскиот сертификат Ecolabel, кој е познат уште под името "okoljska marjetica", што докажува дека, се постигнати највисоките стандарди за производство на производи кои не се штетни за околината. Производите за заштита на дрво и метал под трговското име JUBIN, ги имаат германските стандарди за квалитет, и се во согласност со барањата за примена на овие премази за заштита на детските играчки според барањата на стандардите SIST EN 71-3 и SIST EN 71-9 (JUBIN Decor Primer, JUBIN Decor и JUBIN Lasur).
Во JUB се користат модерни пречистителни станици и системи за управување со отпад со цел да се обезбеди здрава и безбедна работна и животна средина. Со обработка на преку 99% од создадениот отпад, JUB стана „Zero Waste" компанија. Квалитетната соработка со локалната заедница, општествената одговорност и улогата во заштитата на животната средина, се покажува и со поддршката на многу хуманитарни проекти поврзани со детски градинки, училишта и болници, а исто така и со активно учество во различни спортски и културни проекти.



# *JUB-овите фасадери* во Македонија

**Со г. Драгомир Лешоски, основач и сопственик на фирмата за изведба на завршни фасадни работи ''Термофас Инжинеринг" од Вевчани наш долгогодишен соработник, се сретнавме на еден од објектите во Скопје каде со своите мајстори вградуваа Jubizol фасада. На наше барање веднаш одвои време за накратко низ кафе муабет да ни раскаже за своите почетоци во работата.**



Во овој број на JUB магазин накратко го објавуваме разговорот со него.
Покрај другите занаетчиски работи во градежништвото, сепак главна и основна дејност ми е изработка на сите видови фасади. Во моето 25 год. искуство почнувајќи од Пикованите, Теранова и Травертин фасадите кои најпрво ги изработував, сепак можам да кажам дека се помалку се барани бидејќи и самите инвеститори поради економската оправданост се одлучуваат за термоизолациските фасади, искрено ни рече.
Годините поминати надвор од државата изучувајќи го подобро занаетот, многу му помогнало во стекнувањето професионалност во работата.
Девеесеттите години ми поминаа воглавно работејќи во Хрватска и Црна Гора каде професионално се надоградував. По враќањето дома продолжив со фасадерските работи но се уште овде кај нас се бараа старите Пиковани, Прскани и Стругани фасади иако лека полека се пројавуваше интерес и за термофасадите. Воедно ќе истакнам дека првата JUB-ова термофасада ја изработив во Скопје во 2002 год.Од тогаш до сега со својот тим мајстори имаме изработено многу објекти за кои со гордост можам да кажам дека се со врвен квалитет почнувајќи од квалитетот на "Jubizol" материјалите и завршувајќи со квалитетната изработка, забележа Драгомир.



Од 2006год. кога ја основа својата фирма за изведба на завршни градежни работи Термофас Инжинеринг па еве до ден денешен успешно граби во фасадерските води за што говорат и бројните референтни објекти во Скопје и пошироко низ државата.
Покрај големата понуда од материјали за завршни работи кои ги има во нашата држава, јас како изведувач на сите инвеститори со задоволство им го препорачувам материјалот на JUB, бидејќи до денес никогаш и никаде не сме имале проблеми.



За својата изработка потпишуваме и десет годишна писмена гаранција, а потврда за нашата работа е и сертификатот за правилно вгрдување на Jubizol фасадата кој секоја година ни го обновува техничката служба во JUB Скопје. Со правилно и квалитетно изработена фасада по сите норми и правила како и со квалитетот на вградените JUB-ови материјали ниту изведувачот ниту пак инвеститорот нема од што да се плаши за трајноста на фасадата– ПРОВЕРЕНО!
Воедно стручните технички презентации и логистиката која техничката служба на JUB ни ја дава не само теоретски туку и директно на терен, на нас како фасадерски тим во голема мера ни помага подетално да ги запознаеме постоечките и новите материјали од една страна, и брзо и практично да ги решаваме сите проблеми доколку евентуално би се јавиле од друга.
Се надевам дека нашата соработка ќе продолжи и во наредниот период на обострано задоволство, а квалитетно вградените материјали од наша страна во наредниот период само ќе го потврдат тоа, заклучи на крајот Драгомир.
До скоро видување  мајсторе на некој нареден објект, ти посакуваме успеси и во иднина!

# Секоја куќа заслужува фасаден систем JUBIZOL.

ДО 25 ГОДИНИ ГАРАНЦИЈА

ДО 40% ЗАШТЕДА НА ЕНЕРГИЈА

БЕСПЛАТНО СОВЕТУВАЊЕ СО АРХИТЕКТ И ТЕХНИЧКО ЛИЦЕ



## Фасадни системи со 45 годишна традиција.

Купувањето фасада е паметна инвестиција, која ќе Ви се врати преку пониски трошоци за греење и ладење, како и преку зголеменaта вредност на Вашата недвижност.

**Погледнете ги нашите производи и предностите на JUBIZOL фасадните системи во нашите каталози и на www.jub.eu**

**Побарајте совет на: 02 2454 027, или на jub@jub.com.mk**

JUB JUBIZOL *Фасадни системи по мерка*



# JUB академија

Крајот на минатата 2014 и почетокот на 2015 год. техничко комерцијалната служба во JUB Скопје меѓу другото го одбележаи со изведба на стручни технички презентации на целокупната JUB-ова производна програма.




Во заедничка организација со трговците, изведувачите и сите кои веќе работат и оние кои во иднина планираат да ги користат JUB-овите материјали, продолживме со презентациите ширум државата.
Како и претходно така и сега за изведувачите освен теоретски, материјалите задолжително ги демонстриравме и апликативно.
Паралелно продолживме и со комерцијалните презентации наменети пред се за трговците, комерцијалистите, и сите субјекти кои се вклучени директно или индиректно во продажбата на нашите материјали.





Воедно и во нашиот JUB-ов информативен центар (ЈИЦ) се изведуваа бесплатни апликативни обуки и дообуки за сите заинтересирани лица, почнувајќи од почетниците па се до поискусните мајстори.

Во договор со нашите соработници од центарот за енергетска ефикасност на Македонија – МАЦЕФ, за одредена група слушатели (архитекти, градежни инженери, .....идни енергетски контролори) одржавме и стручна презентација за нашиот топлотноизолациски фасаден систем Jubizol fasada, опфаќајки ги детално сите материјали и фази за правилно вградување.

Оваа година во месец Февруари во организација на малопродажниот дуќан Примавера(Лони АГ) од Гостивар –одржавме и стручна техничка презентација со демонстрација на дел од нашата производна програма, со напомена дека презентацијата ја следеа 40-тина лица што претставува одлична посетеност за презентациите од овој тип.
Покрај составот, квалитетот и правилната апликација на производите за завршна обработка кои ги претставивме, посебен дел издвоивме и за презентирање на новите декоративни техники Beton look, Décor Marmo, како и постоечките комбинирани техники со Jub Décor Glamour и Marmorin, односно Versus, Acero, Aurora како и Pettinato техниката.
Воедно ги најавивме и новите материјали кои ќе бидат на пазарот годинава, од кои најголем интерес предизвика новата топлотно изолациска глет маса Jubolin Thermo и внатрешната топлотно изолациска боја Jupol Thermo..

Доколку сметате дека вакви стручни презентации на нашата компанија се потребни и за Вас, за Вашата фирма и Вашите вработени, контактирајте не, а ние ќе Ви излеземе во пресрет.
Заедно ќе се потрудиме да ги решиме сите недоумици поврзани со правилната примена на нашите материјали и проблемите кои ги имате во пракса.







JUB Academy

## Календар на одржани презентации

| ДАТУМ | ОРГАНИЗАТОР | ГРАД | ЦЕЛНА ГРУПА | ТЕМА |
|---|---|---|---|---|
| 14.08.2014 | JUB дооел / Алекс Колор | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 05.09.2014 | JUB дооел / Рики Бау | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 26.09.2014 | JUB дооел | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 30.09.2014 | Била | Битола | изведувачи | JUB-ов асортиман |
| 15.10.2014 | МАЦЕФ | Скопје | архитекти / град.инженери | Jubizol фасада |
| 30.10.2014 | Ата Стил Компани | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 26.11.2014 | Универзал Комерц | Скопје | комерцијалисти | JUB-ов асортиман |
| 20.01.2015 | JUB дооел / Луки Фасадер Дизајн | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 30.01.2015 | JUB дооел / Срма Инженеринг | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 06.02.2015 | Примавера (Лони АГ) | Гостивар | изведувачи | JUB-ов асортиман |




# *Термо фасада*
# Заштеда на половина енергија

**Во минатото, голема важност се даваше на естетскиот изглед на фасадата, како и заштитата од агресивнте атмосферски влијанија, но денес големо внимание се посветува на енергетската ефикасност на објектите. Високо квалитетниот фасадниот систем може да даде многу значаен придонес за тоа.**

Неизолираните или слабо изолираните објекти за живеење, на различни начини губат голема количина на топлинска енергија. Преку фасадната површина, која претставува најголем дел на топлинската обвивка, може да се изгуби од 30 до 50 % од енергијата. Со вградување на топлинско изолационот систем JUBIZOL и со избор на соодветна дебелина на изолацијата, потребната енергија за загревање се намалува до 40%. Заштедите не се само за загревање, туку и за ладење во летниот период од годината.

## Широк спектар на фасадни системи

Топлотно - изолацискиот фасаден систем JUBIZOL Micro Air, овозможува голема пареопропусност, како и одлична топлинска и звучна изолација. Јадрото на системот е иновативната перфорирана изолациска плоча JUBIZOL EPS F-W2 или EPS F-G2, кои овозможуваат одлична пареопропусност. Со посебно избраните компоненти на системот: Micro Air основен малтер и силикатен завршен малтер, се добива систем во кој не доаѓа до кондензација. Оптималната пареопропусност, одличната топлотна и звучна изолација во системот Micro Air, создава пријатни и здрави климатски услови, кои се основа за добро чувство. Jubizol Micro Air системот овозможува едноставно вградување во споредба со класичниот систем на фасада од минерална волна.

За објектите  кои бараат поголема отпорност на удари и перфорации на фасадната површина, се препорачува системот JUBIZOL Strong, фасаден систем кој е отпорен на врнежи од град. Системот JUBIZOL Strong е класифициран во најдобрата класа 4, во склад со барањата од FM Approvals class 4473 – здружение на американските осигурителни компании за тестирање на отпорност на кровната стреа на удари од град.

JUBIZOL Premium е технолошки супериорен топлотно - изолациски систем, кој  на основа на нано технологијата овозможува висока водоодбивност и мало прифаќање на нечистотија, како и употреба на системот и на високи објекти кои се повеќе изложени на врнежи. Системот е особено наменет за загадени средини во урбаните и индустриските центри,  во солената крајбрежна средина каде што има испарувања од солената вода и во други слични средини.

## Обука во рамките на JUB Академија

Во рамките на JUB Akademija се организира професионална обука, која овозможува брз и ефикасен трансфер на техничката и деловната комуникација, знаење и вештини,  а во споредба со формалното образование овозможува поголема флексибилност. JUB Akademija е намената за сите, кои во своето работење директно или индиректно се сретнуваат со материјалите за завршни работи во градежништвото: сопственици на фирми и нивните вработени во областите молерисување, фасадерски работи , вградување на керамика, изградба, управување и одржување, архитекти, дизајнери, супервизори и управители на станбени објекти. Компаниите и поединците може да изберат помеѓу различни форми на образовна содржина, во согласност со нивното



ниво на знаење или оспособеност и по завршувањето на обуката да добијат соодветен сертификат. Во развиената мрежа на подружници на JUB Akademija низ цела Европа, во 2014 година им бевме домаќини на повеќе од 10.000 учесници.

### Фокусирани на заштеда на енергија и енергетска ефикасност

Развојот во нашата компанија JUB е фокусиран на проекти за заштеда на енергијата, обезбедување на здраво и удобно живеење, грижа за животната средина и квалитетна понуда на решенија за енергетски третман на објектите. Насочени сме кон развој на нови изолациски материјали, кои при помала дебелина ќе обезбедат еднаква изолациска способност, како и на системски решенија за зголемување на животниот век на фасадата.

### Сеопфатна енергетска санација

При енергетската санација особено е важнен целосниот пристап, кој вклучува испитување на енергетските системи, градежна физика на градежната конструкција, тестирање и подготовка на предлог технологија за вградување. Покрај врвните материјали и стручните обуки, нудиме и широк спектар на услуги за целосен пристап при санација на објектите, вклучувајќи и „pull of test", преглед на подлогата, пресметка за потребното типлење, подготовка на технологијата за вградување и обработка на сите елементи на фасадата, пресметка на заштедата, како и визуелизација во боја на новата фасада на објектот.

Топлотно - изолацискиот систем, како мерка за енергетска ефикасност значително ја намалува потрошувачката на енергија во зградите, а во исто време влијае и на перформансите, големината и ефикасноста на другите системи за греење и ладење. Затоа, повеќе од потребно е мерките кои ги превземаме да се усогласат во една смислена и оптимална комбинација на мерки, кои ќе ги исполнат барем минималните барања за енергетска ефикасност. Барањата за енергетска ефикасност не се однесуваат само на пресметаната или измерената количина на енергија, која е поврзана со нормална употреба на зградата, туку таа мора да биде и финансиски оптимална и да обезбедува најниски трошоци во текот на целиот животен циклус на објектот.




jupol TREND
Пребојте го домот во својот омилен музички стил.
ОД СЕГА СО НОВ ИЗГЛЕД
JUB

# *JUB Приказна*
# Свој на своето

**Владимир Атанасов од Скопје кој е првиот иницијатор за формирање на фирмата за изведба за завршни работи во градежништвото, а потоа и на малопродажен дуќан во кој може да се набави се за изведувачи од повеќе дејности како што се: фасадери, бојаџии, керамичари и слично, Владо ни раскажа од прва рака како макотрпно но успешно се станува свој на своето.**



Пред повеќе од 12 години започнав да го „печам“ занаетот во фирма која се занимаваше со градежништво, тоа ми беше отскочна даскаво моето професионално надоградување, по две години активна работа стекнав искуство, а што е поважно со самодоверба и храброст за да донесам одлука за да започнам самостојно да работам.
Фирмата „ВБ проект дизајн“ ја формирав пред 10 години во што ми се придружи мојот роднина, а сега и партнер во нашиот бизнис Бојан Јанковиќ кој пак веќе имаше искуство со фасадните работи. Постојано имаме вработено шестмина искусни мајстори, а по потреба ангажираме дополнително. Работевме со секакви материјали кои ги има на пазарот, се трудевме да оставиме добар впечаток кај инвеститорите, бидејќи знаевме дека само така ќе имаме постојано работа, препораката ни беше на прво место. Поголем дел од работите ни беа термо фасадите, молерофарбарски услуги и слично.
Како мајстори сите не почитуваа и не бараа, важно во овој занает е добра препорака. Но секогаш по завршената работа си ги поставувавме прашањата; дали материјалите што ги вградивме се добри, колку време ќе бидат постојани. Без добар градежен материјал не може мирно да се спие, додава Владо.
По извесно време стапивме во контакт со тимот на JUB Скопје, започнавме да ги користиме JUB-овите материјали и веднаш го забележавме нивниот квалитет па си рековме повеќе не менуваме материјали, а потоа се беше полесно. Се надоградувавме и теоретски, ги посетуваме стручните презентации и обуките кои ги организира JUB, од кои може многу да се научи. Можеме со гордост да се пофалиме во континуитет заслужено JUB ни издава сертификат за добро познатите термо фасадни системи Jubizol кој во склоп со нашето искуство издаваме долгогодишни гаранции од 10, 15 и 20 години за постојаност на  фасадата. Со ваква поддршка од JUB може мирно да се спие, повеќе не се грижиме дали на фасадата ќе се појави пукнатина или ќе ни најдат забелешка, со гордост кажува Владимир.



На самиот почеток на 2014 започна со работа нашиот малопродажен дуќан во Скопската населба Драчево во кој можат да се набават сите JUB-оби материјали и алати за повеќе занаети. Нашиот дуќан се стекна и со титулата Jumix центар во кој можат да се нијансираат сите бои, фасадни малтери, декоративни материјали како по JUB тон картата така и по сите светски тон карти, како и со титулата Jubizol центар во кој можат да се набават сите материјали за термо фасада.




Се разбира дека нашите планови не застануваат тука, секогаш се стремиме за поголеми успеси, посакуваме и се надеваме еден ден ќе претставуваме компанија со голем број на вработени и водечка во градежништвото, завршува Владимир.
Ние од JUB Скопје секогаш ќе даваме поддршка на тимови кои сакаат да се надоградуваат професионално, а еден таков е ВБ проект дизајн.





# JUB Инспирира
# 5 најчести грешки при уредување на ентериерот

Кои се нејчестите грешки кои ги правиме кога се одлучуваме да го реновираме својот дом?

### Грешка #1: Прескокнување на фазите на проектот

Без разлика дали планираме да уредуваме една соба или целиот дом, многу е важно да имаме детално разработен концепт или проект на енетериерот. Важно е да одвоиме време за планирање, да не се брзаме, да го одредиме стилот и атмосферата која сакаме да ја доловиме, да ги одредиме боите и материјалите кои ќе ги користиме. Пред да купиме нешто што ни се допаднало на прв поглед или нешто што имаат нашите пријатели, неопходно е најнапред естетски и функционално да го испланираме просторот за вметнување на овие парчиња мебел. Често се случува покасно да увидиме дека сме погрешиле, затоа што сме купиле преголем, лошо обликуван, погрешен стил или лошо изработен мебел, или светла кои не се вклопуваат во ентериерот. Се случува, прекинувачите и штекерите да се на погрешно место, па каблите ни се развлекуваат секаде во домот, пред сé сметаат и не изгледаат убаво.
При купување на преголем мебел, негово погрешно групирање и додавање на преголеми различни елементи и детали, просторот визуелно го намалуваат. Важно е однапред да се испланира и распоредот на сликите, кои не смеат да бидат поставени ни превисоко ниту пак прениско, и никако по дијагонала на ѕидот. Помалите слики треба да ги групираме во една целина, додека поголемите треба да ги ставиме на посебно место. Не треба да претеруваме ни со ситни детали во домот, премногу различни фигури, вазни, фотографии ... во секој простор ќе изгледа неуредно, а и ќе собира премногу прашина. Наместо ова треба да одбереме 2 – 3 парчиња кои најмногу ни се допаѓаат и истите да ги поставиме и осветлиме, така што ќе делуваат како вистинско уметничко дело.





### Грешка #2: Неусогласување помеѓу изведбата на подовите и ѕидовите

Основни елементи во ентериерот се неговите најголеми површини – подовите, ѕидовите и таваните. Тие се базата за добивање на саканиот стил и избор на останатите елементи во ентериерот. Често се случува обработката на подовите и ѕидовите да не одговараат едни со други, што во простотор го нарушува изгледот и хармонијата.
Ако сакаме елегантен ентериер, паркетот мора да биде со нежна и фина структура, во топла боја, обработен со лак во сатен – мат нијанса. За ѕидовите треба да одбереме текстилни тапети, свилени, со текстури кои можат да имаат плишани или други апликации.
Во рустичните ентериери одговараат подови од грубо дрво или камени плочи. Дури и во ваквите амбиенти, не треба да се претерува со изборот на груб и крупен камен за големите ѕидни површини. Подобар избор ќе бидат ситните парчиња – кои треба да се прикажат во помалите површини, како детали кои посебно ќе ги нагласиме со осветлување и нагласување на тестурата и бојата.







## Грешка #3: Прозори без завеси

Никако не ги оставајте прозорите без завеси. Тие се многу важен елемент во ентериерот со кои се комплетираат прозорите и даваат завршен изглед на просторот. Различните видови, облици и системи за закачување на завестите, во просторот ја менува пропорцијата, симетријата и атмосферата. Ако прозорите се мали или лошо распоредени, со завесите визуелно се зголемуваат, се поправа нивната позиција и пропорција во целиот простор.

Завеси, драпери, и панели се различни видови на покриви на прозорите кои не само што го оживуваат и разубавуваат просторот, туку и ја контролираат дневната светлина во просторот. Секој вид на уредување и намена на просторот, бара најралични видови на завеси како и систем за закачување на истите. Богато набрани драпери, минималистички панели, лесни завеси.... важно е да одговараат на нашиот стил на живеење и да се дополнуваат со останатите елементи во ентериерот и ја урамнотежуваат хармонијата во атмосферата.





## Грешка #4: Погрешно одбрано и распоредено осветлување

Осветлувањето е еден од најважните елементи во ентериерот, затоа што има декоративна и функционална улога. Секоја просторија има потреба од различно осветлување и позиционирање на подни и ѕидни светла, лустери, индиректно светло.... Лошо одбраните светла го намалуваат квалитетот и убавината дури и на најдоброто решение во ентериерот. Од друга страна пак, со правилно распоредување на светлечките тела, креираме елегантна, топла и складна атмосфера, ги нагласуваме боите и облиците, ги истакнуваме деталите во просторот.

Во ниту еден случај не треба да поставиме само едно централно светло на плафонот. Секоја просторија треба да има неколку различни извори на светлина, кои меѓусебно можат да се комбинираат и користат заедно или поединечно. Важно е да имаме различни светла за работа, читање, разговор, релаксирање... Висечките лустери се поставуваат единствено над трпезариската маса. Рефлекторите, поединечни или на шини, служат за истакнување на слики или на атрактивни ѕидни облоги, дифузното светло креира смирена атмосфера, ѕидните ламби додаваат драматичност во просторот. Покрај функционалната улога, светлечките тела се сами по себе атрактивен детал во ентериерот, кои мораат да се изберат во склад со останатите елементи во ентериерот и стилот на уредување.







**Грешка #5: неусогласување на обликот, бојата, дезенот и текстурата во ентериерот**

Оваа грешка најчесто се појавува поради непланирани и импулсивни купувања, како и не познавање или страв од комбинирање. Скоро сé што визуелно ни се допаѓа, е креирано со успешно комбинирање на различни материјали, бои, текстури и дезени. Во овие таканаречени слоеви за креирање на успешен ентериер ги вброиме: подовите, боите и обработката на ѕидовите, тапетите, ѕидните и плафонските декорации, завеси и драпери, мебел, теписи, осветлување, книги, уметнички дела, цвеќиња.... Ако сите овие елементи меѓусебно не се усогласени, во ентериерот ќе настане хаос, неусогласување и конфузија, наместо рамнотежа и хармонија.

За да постигнеме складен однос на ове елементи, потребно е на почетокот да се консултираме со архитекти и да направиме „дизајнерска табла" на која ќе ги комбинираме различните примероци и врсти на материјали. Треба да се почне со изборот на стилот, потоа избор на основната боја, додавање на детали во контрастна боја, различни шари и големина на дезени, текстури у материјали. Кога ќе почнеме да ги сложуваме примероците од паркет, ќерамика, ткаенина и други материјали се дополнуваат меѓусебно. Не се плашете да ги комбинирате различните текстури. Важно е тие меѓу себе да си одговараат и да се истакнуваат. На крајот самите ние ќе откриеме дали вакквото уредување е и нашиот животен стил. Наша цел не е нашиот дом да биде исти како некој друг од слика, туку тој да остави наш посебен печат на специфичен стил и нашиот престој да ни биде пријатен.

При изборот на уредување во просторот, во делот на ѕидовите ви нудиме помош на нашата веб страна www.jub.com.mk, каде на располагање е алатката Jub Design Studio, која на готови фотографии од простории можете да вметнете основна нијанса која вие ја сакате, а самиот програм ќе ви понуди уште 6 други нијанси кои можете да ги комбинирате со основната.

Среќно при изборот на нијанси и уредувањето на ентериерот во вашиот дом.





# Најчести грешки при избор на бои

**Боите се важен декоративен елемент во дизајнот на ентериерот и во голема мера може да влијаат во усогласувањето со стилот, убавината и удобноста на вашиот дом. Затоа боите треба со особено внимание да се одберат, а доколку е потребно да се консултираме со архитект стручно лице и да се вложи дополнително време за да се најдат бои кои ќе го подобрат вашиот дом.**

При изборот на боите на мебелот, ѕидовите и декоративните елементи на вашиот дом, многу е лесно да се погреши, а со цел да се избегне ова,ќе ви ги прикажеме некои од најчестите и вообичаени грешки.



**Бојата на декоративните елементи е доминантна во просторот на објектот.**
Ако сакаме да се нагласат централните предмети во просторот како што се мебелот во дневната соба, украсите треба да се изберат во иста боја,но во посветли и понежни нијанси тонови.
Изборот на потполно идентична боја го затвара просторот, а згора на тоа, она што сакаме да го нагласиме останува неистакнато.
Така,во комбинација со темен мебел треба да се изберат светли нијанси на теписи, декоративни перници, завеси и слично .

**Избирам бела или крем боја само затоа што мислиме дека така нема да погрешиме.**
Ако мислиме дека изборот е најлесен со овие бои и дека не можеме да погрешиме, се лажеме. Всушност, дури и неутралните бои како бела, сива, или беж доаѓаат во многу бои тонови и нијанси, па во овој случај мораме да вложиме труд и време, за да го избереме вистинското.



Треба да се послужиме со примероци со цел да се избегнат понатамошни проблеми и треба да се ограничиме со селекција на три или четири нијанси, кои особено ви се допаѓаат и кои ќе одговараат и ќе се вклопат во просторот за кои што се наменети.
Ако станува збор за боење на ѕидовите, треба да набавиме пробни примероци и да се пребои дел од ѕидот, да се разгледа, па да се донесе одлука со тоа што ќе се набљудува бојата на дневна и на вештачка светлина.





**Одбирање на светли и пресветли бои**
Пресветлите или светлите бои во главно се премногу интензивни за повеќето ентериери.
Многу пространа и сончева соба може да „претрпи" бои како лимон жолта или светло зелена боја, но секако е подобра опција да се изберат бои што ќе се вклопат и ќе се спојат со животната средина која ќе ви овозможи пријатно чувство и ќе ги прикаже евентуалните недостатоци во просторот.Но, ако од секогаш сте сакале црвена дневна соба наместо светло црвена нијанса, изберете боја на тула или малина.

**Боја несоодветна за просторот за кој што е наменет**
Топлите бои влијаат на расположението и даваат удобност, па тие се најдобар избор за простории за дневен боровок. Тука се земјаните нијанси: црвена, темно виолетова и темно златна нијанса. Ладните бои како сребрено плава, природна зелена и бојата на лавандата делуваат смирувачкии се одличен избор за спални соби.
Од друга страна зелените ѕидови во бањите, или светлите нијанси на жолта боја во спалната соба, може да делува иритирачки, па затоа се препорачува добро да се размисли како сакаме да се чувствуваме и што со одбраната боја сакаме да постигнеме во одреден простор.




ЗА СЕКОЕ ЧУВСТВО,
КОЕ ГО САКАТЕ,
ТУКА Е БОЈАТА
JUPOL GOLD
jupol
Gold
Со повеќе од 10.000 нијанси на JUPOL GOLD кои ги креираме според Вашите чувства, можете да го обоите својот дом со своите најомилени чувства. Уживајте во боите и боењето! Со боите JUPOL GOLD, патот до професионални резултати е сосема едноставен.
JUPOL GOLD.
БОИ, ЕДИНСТВЕНИ КАКО ЕМОЦИИ.
JUB
Боите го менуваат домот.



# *JUB - ови фасади*
# Референтни објекти во Македонија

Преглед на референтни објекти изработени во минатиот период . И во овој број на JUB магазин прикажуваме референтни објекти каде правилно се вградени наши фасадни материјали.



*Објект нас.Трнодол Скопје*
*Eps Lepilna Malta, ATG 1.5(1492), ATZ 2.0(1141), MAG1.5(1495), изведувач*
*Гама Инженеринг-Вевечани*



*Објект Свети Николе*
*Jubizol standard: ATZ 2.0mm (1131, 1133), KPT 1.8 mm 708, изведувач:*
*Фиго Крстев- Свети Николе*





*Објект нас. Пржино Скопје*
*EPS Lep.Malta, ATG 1.5(1090), MAZ2.0(1443),KPT1.8(706),*
*изведувач: Алекс Колор Скопје*



*Објект Прилеп*
*EPS LepilnaMalta, MAG 1.5m1094, KPT 445*
*изведувач: Оливер Јовески Прилеп*





*Објект Прилеп*
*EPS LepilnaMalta, ATZ 2.0 (5572), MAG 1.5 (1001)*
*изведувач: Ванѓелче Бебекоски - Вевчани*



*Објект нас.Чаир Скопје*
*Jubizol стандард: ATZ 2.0 (1124) и (1131), KPT 2.0 (455)*
*изведувач: Луки Фасаде Дизајн - Скопје*



# JUB Design studio
# Виножито од бои

Во рамките на нашите услуги, ја вбројуваме и бесплатната услуга JUB Design Studio, која се однесува на инспирација на бои кои би се вградиле како завршен малтер на термо фасадната површина на вашиот објект, или на комбинација од бои кои би се користеле при уредување на внатрешниот дел од вашиот дом, како и инспирација за употреба на декоративните техники кои ги нудиме во нашата палета на производи која се состои од сите материјали за завршни работи во градежништвото. Дека ваквиот начин на соработка не се однесува само на фасадите во објектите за домување туку и на фасадите на деловни објекти како саладишта и сл. доказ е следната изработка на услугата JUB Design Studio за објект кој се наоѓа во Ресен, а намената му е токму складиште за складирање на роба од пластични материјали како и системи за наводнување на база„капка по капка".





*Предлог.1*
*цокла - Kulirplast 445*
*Нијанси: 1145,1143 и тераса 1424*



*Предлог.2*
*цокла - Kulirplast 445*
*Нијанси: 1125,1122 и тераса 1125*







*Предлог.1*
*цокла - Kulirplast 640*
*Нијанси: 1184,1182*



*Предлог.2*
*цокла - Kulirplast 675*
*Нијанси: 1122,1124*

Доколку сте во фаза на градење или реновирање на постоечки објекти, задовлство ќе ни биде ако се обратите до нас и нашата техничка служба во JUB доoел Скопје, на адреса: бул. Јане Сандански бр.79а-3, или на тел. број: 00389 2 24 54 027, како и на нашата е-маил адреса: jub@jub.com.mk




# *JUB дружење*
# Берово 2014

Компанијата JUB, секоја година организира дружење за своите изведувачи и трговци.



Па така и оваа година бевме сместени во преубавиот амбиент на Хотел Манастир, кој се наоѓа во подножјето на Малешевските планини и организиравме дружење за нашите купувачи и изведувачи. Во рамките на ова дружење лојалните изведувачите на JUB брендот кои се издвоија во тековната година, добија сертификат за најдобри изведувачи за 2014 година. Во текот на дружењето посетителите искористија прилика да си разменат искуства поврзани со различни проблеми со кои се сретнале на терен. На дводневното дружење во прекрасна и опуштена атмосфера се роди идејата да организираме натпреварување за најбрз пивопијач и најдобар пејач во караоке стил. Дел од позитивната атмосфера која беше присутна кај учесниците во овие два дена, ви ги пренесуваме низ низа слики.











Вакви дружби се планирани и за оваа година, се надеваме дека секое наше наредно дружење ќе биде подобро од предходното и со поголем број на учесници од досегашните. Се гледаме наскоро за добра забава и дружење.



JUB 140 years

**JUB д.о.о.е.л. - Скопје**
бул. Јане Сандански бр.79 а-3
МК 1000 Скопје
**Т**: 00389 2 24 54 027
**Ф**: 00389 2 24 55 235 **E**:jub@jub.com.mk
**Членка на групацијата JUB**



www.jub.eu

Since
Од година 1875